**О П Ш Т И Н А    Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**3-ти мај 2022 година Гевгелија,  Бр.5  Година XXXXI**

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 38 став (1) точка 43 и член 89 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, расправајќи по Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2021 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештајза спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2021 година.

2.Примерок од Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај да се достави до Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1111/1
29.04.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

---------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2021 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Гевгелија за 2021 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија"

Бр.09-1112/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

**--------------------**

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), расправајки по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во Општина Гевгелија за 2021 година,Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во Општина Гевгелија за 2021 година**.

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во Општина Гевгелија за 2021 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија"

Бр.09-1113/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

Врз основа на член 63 став (5) од Законот за основно образование („Сл.Весник на РСМ“ бр.161/2019 и 229/20) и член 14 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл.гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/2020, 2/21 и 5/21 год), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2021 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за измени и дополнување на Одлуката за реонизација на Општинските основни училишта на територијата на општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се вршат Измени и дополнувања на Одлуката за реонизација на Општинските основни училишта на територијата на општина Гевгелија бр.09-686/1 донесена од Советот на Општина Гевгелија на Седница одржана на 27.05.2020 год.

### Член 2

Во член 2 од Одлуката за реонизација на Опшинските основни училишта на територијата на општина Гевгелија, точка 1.Реон на ООУ „Крсте Мисирков“-Гевгелија, под-точка 1.1. Реон на ООУ „Крсте Мисирков“-Гевгелија, Централно училиште, се менува и гласи:

„Овој реон ги опфаќа децата кои живеат на дел од западната страна на улицата „7-ми Ноември“ (јужно од кружниот тек кој е пресек на булевар „Гевгелија“ и улицата „7-ми Ноември“) и западната страна од улицата „Димитар Влахов“и децата кои живеат на улиците западно од дел од улицата „7-ми Ноември“ (јужно од кружниот тек кој е пресек на булевар „Гевгелија“ и улицата „7-ми Ноември“), улиците западно од улицата „Димитар Влахов“ и улиците јужно од булеварот „Гевгелија“ (западно од кружниот тек кој е пресек на булевар „Гевгелија“ и улицата „7-ми Ноември“)

и точка 2 Реон на ООУ “Владо Кантарџиев“-Гевгелија, под-точка 2.1 Реон на ООУ “Владо Кантарџиев“-Гевгелија, Централно Училиште, се менува и гласи:

“Овој реон ги опфаќа децата кои живеат на источната страна на улицата „7-ми Ноември“, источната страна од улицата „Димитар Влахов“ и булевар “Гевгелија (западно од кружниот тек кој е пресек на булевар „Гевгелија“ и улицата „7-ми Ноември“ и децата кои живеат на улиците источно од улицата „7-ми Ноември, улиците источно од улицата „Димитар Влахов“ и улиците северно од булевар „Гевгелија“ .

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1114/1
29.04.2022 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р**

**---------------------------------**

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование (Основен текст на закон („Сл.весник на РМ“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.229/20), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 181/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 29.04.2022 година утврди:

# ПЛАН

**за запишување на ученици во I година средно образование**
**во СОУ„Јосиф Јосифовски“-Гевгелија во 2022/2023 год.**

Во СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија, во учебната 2022/2023 година, во прва година се планира да се запишат вкупно 286 ученици; распоредени во 10 паралелки:

- во настава на македонски јазик вкупно 286 ученици распределени во 10, паралелки;
- во настава на албански јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на турски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на српски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;

**1. УЧИЛИШТЕ**

Име на училиштето Средно Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

***Гимназиско образование***

Во прва година се планира да се запишат 136 ученици, во 4 паралелки.

- во настава на македонски јазик..................................136 ученици, во 4 паралелки;
- во настава на албански јазик........................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на турски јазик................................................ / ученици, во / паралелки;
- во настава на српски јазик................................................/ ученици, во / паралелки.

***Стручно образование***

Во прва година се планира да се запишат 150 ученици, во 6 паралелки.

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. јаз. | Алб.јаз. | Тур.Јаз. | Вк. | Мак.јаз. | Алб.Јаз. | Тур. јаз. | Вк. |
| угостителско-туристичка | хотелско-туристички техничар IV степен | 25 | / | / | 25 | 1 | / | / | 1 |
| угостителско-туристичка | Готвач/келнер III степен | 25 | / | / | 25 | 1 | / | / | 1 |
| економско правна и трговска | економски техничар/бизнис администратор IV степен | 25 | / | / | 25 | 1 | / | / | 1 |
| здравство и социјална заштита | Гинеколошко акушерска сестра/физиотерапевт IV степен | 25 | / | / | 25 | 1 | / | / | 1 |
| машинска | Машински техничар за моторни возила IV степен | 25 | / | / | 25 | 1 | / | / | 1 |
| машинска | Автомеханичар/заварувач III степен | 25 | / | / | 25 | 1 | / | / | 1 |

**2.** Овој План влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1115/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), член 59-д став (1) од Законот за средно образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018, и “Службен весник на РСМ бр.229/2020) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 29.04.2022 година,донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Со ова Решение се дава согласност на Измените и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 год. на СОУ “Јосиф Јосифовски“-Гевгелија, бр.01-361/1 од 15.04.2022 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1116/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци – Блок 5, општина Гевгелија**

**Член 1**

Се прифаќа Иницијативата за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци – Блок 5, Општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци – Блок 5, Општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива на барателот ДПТУ ,,Дорленд,, дооел од с.Прдејци, Општина Гевгелија.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проектод член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1117/1
29.04.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

---------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ„бр.32/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2 Општина Гевгелија**

**Член 1**

Се прифаќа на Иницијативата за изработка на измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2, општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2, Општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива на барателот АД "МАКПЕТРОЛ" - Скопје.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проектод член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1118/1
29.04.2022 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

---------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на дел од Блок (Блок 1,2,3,4,5,6 и 7) од Урбанистички план за село Богородица, КО Богородица - општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на дел од Блок (Блок 1,2,3,4,5,6 и 7) од Урбанистички план за село Богородица, КО Богородица - општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Измена и дополнување на дел од Блок (Блок 1,2,3,4,5,6 и 7) од Урбанистички план за село Богородица, КО Богородица - општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива на барателот Васил Јанкулов од Гевгелија.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проектод член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1119/1
29.04.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

-------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 14 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 36 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# ПРЕПОРАКА

## за зголемена полициска контрола на патниот правец Смоквица-Прдејци

**Член 1**

Се донесува Препорака до раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во обласна на јавната безбедност и

безбедноста во сообраќајот за зголемена полициска контрола на патниот правец Смоквица-Прдејци.

**Член 2**

Препораката се однесува за временскиот период од 06:00 до 22:00 часот секој ден.

**Член 3**

Препораката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија" и ќе важи се додека не се подобрат безбедносните услови на патот.

Бр.09-1120/1
29.04.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

---------------------------

Врз основа на член 7 од Законот за култура (,,Службен весник на РМ" бр.1/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11......11/18 г.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија(,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Буџетот на ЈОУ Пионерски дом ,,Јосип Броз Тито" – Гевгелија за 2022 година

1.Се усвојува Буџетот на ЈОУ Пионерски дом,,Јосип Броз Тито"-Гевгелија за 2022 година,усвоен и предложен од Управниот одбор со Одлука бр.02-173/1 од 23.12.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1121/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија(,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Годишна програма за работа на Општинскиот совет за безбедностнна сообраќајот на патиштата за 2022 година**

1.Се усвојува Годишнатапрограма за работа на Општинскиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1122/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

-----------------------

Врз основа на член 11 став (1) т.7 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. Весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 г. и Сл. Весник на РСМ“ бр.275/19 г.) и член 38 став (1) т.31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/05 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Финансискиот извештај на ЈПКД ,,Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021 – 31.12.2021 година

1.Се усвојува Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец“-Гевгелија за периодот 01.01.2021-31.12.2021 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-636/2 од 19.04.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1123/1 | Претседател
29.04.2022 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Патрик Матх, с.р.**

---------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. Весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 г. и Сл. Весник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22 г.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/05 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД ,,Комуналец-Гевгелија за 2021 година

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2021 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-486/2 од 23.03.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1124/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. Весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 г. и Сл. Весник на РСМ“ бр 275/19 и 89/22г.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/05 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2021 година**

1.Се усвојува Извештајот за работењето на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2021 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-636/3 од 19.04.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1125/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

----------------------------

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03....35/19, 275/89 и 89/22 г.) и член 36 став (1) од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“ –Гевгелија**

1. Од должноста член на  Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работењена ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, од лични причини се разрешува:

**-Ивана Чабулева.**

2.Примерок од ова Решение да се достави до разрешените членови и ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1126/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

-------------------------

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03....35/19, 275/89 и 89/22 г.) и член 36 став (1) од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на  29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“ –Гевгелија**

1. Од должноста член на  Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работењена ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, од лични причини се разрешува:

**-Тодор Ѓоков.**

2.Примерок од ова Решение да се достави до разрешените членови и ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1127/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

**----------------------------------**

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03....35/19, 275/89 и 89/22 г.) и член 36 став (1) од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“ – Гевгелија

1. Од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работењена ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, од лични причини се разрешува:

**-Сава Чурлинова-Костова.**

2.Примерок од ова Решение да се достави до разрешените членови и ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1128/1 Претседател
29.04.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх, с.р.**

**------------------------**

Врз основа на член 38 став (1) алинеа 38 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за разрешување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија

1.Од функцијата член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија**се разрешуваКристина Бичанин**.

2.Примерок од Решението да се достави до разрешениот член на Комисијата.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1129/1
29.04.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

----------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) алинеа 38 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за именување на член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија

1.За член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија**се именува Васка Јанчев, претставник од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи – Гевгелија**.

2.Примерок од решението да се достави до именуваниот член на Комисијата.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1130/1
29.04.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

# АКТ НА КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И СПОРТ

## ПРАВИЛНИК

**за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија**
**за студиска 2021/2022 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија за студиска 2021/2022 година.

Стипендиите ќе се доделуваат на студенти на медицинските факултети отсек општа медицина во Република Северна Македонија кои запишуваат прв семестар во студиска 2021/2022 година се до завршување на студиите доколку се редовни студенти и коишто се жители на општина Гевгелија.

**Член 2**

Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.01.2022 година донесе Одлука за доделување 5 (пет) стипендии за студенти на Медицинските факултети во Република Северна Македонија, за студиска 2021/2022 година.

Стипендиите се доделуваат за период од 10 месеци за времетраењето на една студиска година, односно почнувајќи од месец септември се до месец јуни во истата студиска година и ќе се доделуваат секоја година до завршување на студирањето доколку се редовни студенти.

Висината на стипендиите ќе изнесува 6.000,оо денари месечно за секој студент и ќе се исплаќаат од Буџетот на општина Гевгелија.

Стипендиите се доделуваат на редовни студенти запишани на студии прв циклус на Медицинските факултети во РСМ – отсек општа медицина, согласно условите и критериумите утврдени во Конкурсот за доделување на стипендии.

Износот на стипендиите е неповратен, освен во случај кога студентот ќе го прекине студирањето по своја вина, при што ќе ги врати доделените средства до моментот на прекин на студирањето.

Давателот на стипендија нема да го раскине договорот за исплата на стипендија и нема да дава стипендија а корисникот на стипендијата нема обврска да ги враќа претходно добиените средства во случај ако корисникот на стипендијата поради здравствени причини и потреба од лекување не запишал следен семестар и приложи соодветна медицинска документација.

**Член 3**

Право на стипендирање имаат студентите кои што ги исполнуваат следниве услови:

- Да се жители на општина Гевгелија (град Гевгелија и населените места коишто припаѓаат на општина Гевгелија);
- Да се државјани на Република Северна Македонија;
- Да се редовни студенти на прв циклус студии на Медицинските факултети во РСМ – отсек општа медицина.

**Член 4**

Основни критериуми за доделување на стипендиите се**:**

1. **Остварен успех во средното образование;**
- По овој основ може да се добијат најмногу 10 бода.

2. **Доставени сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки;**
- По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода

3 **Материјални можности на студентот и неговото семејство за кој се** земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три) месеци;
- По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода.

При распределување на утврдените 60 бода по основ материјални можности на студентот и неговото семејство се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи) во семејството на студентот поделени по член од семејството поделени на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 60 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 6.000 денари по член на семејство .................60 бода;
- За приходи од 6.001 до 7.000 денари по член на семејство ..........50 бода;
- За приходи од 7.001 до 8.000 денари по член на семејство ..........40 бода;
- За приходи од 8.001 до 9.000 денари по член на семејство ..........30 бода;

- За приходи од 9.001 до 10.000 денари по член на семејство ........20 бода;
- За приходи над 10.000 денари по член на семејство .....................10 бода;

**Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студенти со посебни потреби.**

- По овој основ може да се добијат 10 бода.

Максималниот број на бодови кои може да ги добие студент согласно утврдените критериуми од овој член, изнесува вкупно 100 бода.

За усвоените бодови според утврдените критериуми од овој член комисијата изготвува посебна ранг-листа за оваа категорија на студенти, која ја доставува на градоначалникот на разгледување и одлучување.

При утврдување на ранг листата според добиените бодови, при ист број на бодови предност има кандидатот со пониски материјални примања.

**Член 5**

Стипендиите ќе се доделат врз основа на претходно распишан конкурс.

Конкурсот ќе биде распишан од градоначалникот на општина Гевгелија.

Конкурсот ќе биде објавен на огласната табла на општина Гевгелија, на веб страницата на општина Гевгелија и на локалните електронски медиуми во општина Гевгелија.

Конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

**Член 6**

Заинтересираните кандидати за добивање стипендија треба да ги достават следниве документи до општина Гевгелија:

1) **Пријава од студентот;**

2) **Потврда од високо образовната институција за редовно запишана студиска година;**

3)**Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба** на апликантот:

- за вработените членови на семејството да се достават потврди за остварена плата за последните три месеци сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот);
- за пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија;
- за разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот истата да се прикаже како месечен приход;

за корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход;

-за невработените членови на семејството на апликантот да се доставаат потврди од Агенцијата за вработување на РСМ дека се невработени или примаат месечен надоместок;

- За инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадена од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;

- за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција;

-Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....), за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство.

4) **Нотарски заверена изјава** од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба,

5) **Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци** на апликантот и на членовите на неговото потесно семејство,

6) за починат родител се бара да се достави извод од матична книга на умрени од УВМК;

7)**Изјава за семејната состојба на студентот** и

8) **Фотокопија од личната карта на студентот**.

**Член 7**

Пријавите на апликантите со потребната документација треба да се доставаат лично до архивата на општина Гевгелија, или да се доставаат со препорачана пошта до: ЕЛС-општина Гевгелија, ул. "Димитар Влахов" бр.4, 1480

Гевгелија со назнака: **"За конкурсот за доделување стипендии на студенти жители од општина Гевгелија за студиска 2021/2022 година**".

**Член 8**

Доставените пријави согласно распишаниот конкурс ги разгледува Комисијата за образование ,спорт и култура при Советот на општина Гевгелија.

Комисијата некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на доставената ранг листа од Комисијата за образование ,спорт и култура при Советот на општина Гевгелија донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти на медицинските факултети на РСМ жители на Општина Гевгелија

За одлуката на Градоначалникот за доделените стипендии сите кандидати кои имаат поднесено пријава по распишаниот конкурс ќе бидат писмено известени.

Против Одлуката на Градоначалникот на општина Гевгелија, кандидатите кои не добиле стипендија може да поднесат приговор доКомисијата заобразование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на Одлуката.Надлежната комисија ќе го разгледа приговорот на засегнатиот кандидат и ќе донесе Решение со коешто го прифаќа или одбива поднесениот приговор.

Решението на оваа Комисија е конечно.

Одлуката за доделување на стипендии која ја донесува Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе се објави и на веб страната на Општина Гевгелија.

**Член 10**

Градоначалникот на општина Гевгелија ќе склучи посебен Договор со избраниот кандидат за користење стипендија во кој подетално ќе се уредат начинот и условите на користење на стипендијата.

**Член 11**

Во посебни случаи, овој Договор може да биде раскинат по вина на студентот доколку се утврди дека:

-Студентот дал лажни податоци во нотарски заверената изјава при поднесувањето на пријавата за користење на стипендија;
- Доколку со своето недолично поведение ги повредува законските и моралните принципи на образовната и општествената средина;
- Доколку не ја запише во редовен термин наредната студиска година, и
- Доколку го прекинал студирањето.

Во случај на раскинување на Договорот, студентот е должен во целост да ги врати исплатените средства во Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 12**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Комисија**
**за образование, култура и спорт,**
**на Советот на Општина Гевгелија**

Бр.09-532/2
23.03.2022 год.
Гевгелија

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врзоснована член 50 став 1точка 16 одЗаконотзалокалнасамоуправа („Службенвесникна Република Македонија" бр.5/02 год.) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21),ГрадоначалникотнаОпштинаГевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За поништување на Јавен конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија**

1. Се поништува Јавниот конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија, бр. 08-642/1 од 2.3.2022 година, објавен во дневните весници „Вечер, „Слободен печат“ и „Коха“.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе сеобјавиво "СлужбенгласникнаОпштинаГевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на општина Гевгелија, согласно законските прописи, објави Јавен конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија, бр. 08-642/1 од 2.3.2022 година, кој беше објавен во дневните весници „Вечер, „Слободен печат“ и „Коха“.

На ден 12.4.2022 година, по претходно поднесена анонимна пријава до Државен инспекторат за труд - Скопје, за неисполнување на општите услови за распишување на Јавен конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија, пропишани со Закон за култура и Статутот на установата, Државниот инспектор на трудот за Подрачје Гевгелија, изврши вонреден инспекциски надзор. По увидот во документацијата е составен Записник ИП1 бр. 09-113 од 12.4.2022 година, во кој е констатирано дека при објавување на конкурсот не се запазени одредбите од член 23 став 1 точка 2 од Законот за работните односи, а во врска со член 29 став 3 точка 5 од Законот за културата, со кој се предвидува како општ услов за избор на директор на национална установа поседување меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик, не постар од пет години.Согласнозаписникот е донесеноРешение ИП1 бр.09-113 од 12.4.2022 година, со кој се задолжува Општина Гевгелија, како субјект на надзор, да донесе Акт со кој ќе го поништи Јавниот конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија, бр. 08-642/1 од 2.3.2022 година.
Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.03-1016/3
14.04.2022 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За поништување на Јавен конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа библиотека „Гоце Делчев“ - Гевгелија**

1. Се поништува Јавниот конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, бр. 08-641/1 од 2.3.2022 година, објавен во дневните весници „Вечер, „Слободен печат“ и „Коха“.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе сеобјавиво "СлужбенгласникнаОпштинаГевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на општина Гевгелија, согласно законските прописи, објави Јавен конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, бр. 08-641/1 од 2.3.2022 година, кој беше објавен во дневните весници „Вечер, „Слободен печат“ и „Коха“.
На ден 12.4.2022 година, по претходно поднесена анонимна пријава до Државен инспекторат за труд - Скопје, за неисполнување на општите услови за распишување на Јавен конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, пропишани со Закон за култура и Статутот на установата, Државниот инспектор на трудот за Подрачје Гевгелија, изврши вонреден инспекциски надзор. По увидот во документацијата е составен Записник ИП1 бр. 09-114 од 12.4.2022 година, во кој е констатирано дека при објавување на конкурсот не се запазени одредбите од член 23 став 1 точка 2 од Законот за работните односи, а во врска со член 29 став 3 точка 5 од Законот за културата, со кој се предвидува како општ услов за избор на директор на национална установа поседување меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик, не постар од пет години.Согласнозаписникот е донесеноРешение ИП1 бр.09-114 од 12.4.2022 година, со кој се задолжува Општина Гевгелија, како субјект на надзор, да донесе Акт со кој ќе го поништи Јавниот конкурс за избор на директор на Јавна општинска установа библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, бр. 08-641/1 од 2.3.2022 година.
Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.03-1015/3
14.04.2022 година

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

Врз основа на член 93-в став (2) од Законот за средно образование (Основен текст на законот „Сл.весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.229/20) и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 14.01.2022 год. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за престанок на мандат на в.д.директор на**
**Општинското Средно Училиште „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија**

1. На Тони Аврамов, со завршен Филолошки Факултет, македонска книжевност со јужнословенски книжевности и македонски јазик - дипломиран професор по македонски јазик, вработен во Средното Општинско Училиште „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија, му престанува мандатот на в.д.директор на Средното Општинско Училиште „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија заради истек на мандат.

2. Тони Аврамов да биде распореден на работа во СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија, на работно место соодветно на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-136/1<br>14.01.2022<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на Општина Гевгелија,<br>**Андон Сарамандов**

Врз основа на член 93-в став (1) од Законот за средно образование (Основен текст на законот „Сл.весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.229/20) и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 14.01.2022 год. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за именување на в.д. директор на**
**Средно Општинското Училиште „Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија**

1.За вршител на должноста директор на Средното Општинско Училиште „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува:

-**Марија Танева**, со завршен Природно-математички Факултет - дипломиран професор по физика, вработена во Средното Општинско Училиште „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија.

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на Средното Општинско Училиште „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија, Законот за средно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-137/1
14.01.2022 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**

Врз основа на член 93-б став(5) и став (6) од Законот за средно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и Сл.весник на РСМ бр. 229/2020), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и Решение УЖ-2 бр.459/2021 од 15.12.2021 год. на Виш управен суд, Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 17.02.2022 год. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за запирање на постапка за престанок на мандат на директор на Средно Општинското Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија**

1.Се запира постапката за престанок на мандат на Цветан Нелоски како директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, по поднесено барање за престанок на мандат од лични причини.

2.Цветан Нелоски се враќа за директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија со Решение за именување на директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија бр.08-255/2 од 12.02.2018 год

2.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**Образложение**

На ден 12.02.2018 год. Цветан Нелоски е избран за директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија со Решение бр.08-255/2 од 12.02.2018 год.На ден 20.02.2020 г. Цветан Нелоски до градоначалникот на општина Гевгелија поднесува барање за престанок на мандат од лични причини кое на ден 26.08.2020 год. до Градоначалникот на општина Гевгелија поднесе барање за повлекување на барањето за престанок на мандат на директор заради надминување на личните причини наведени во барањето за прстанок на мандат. По разгледување на барање од Цветан Нелоски поднесено на 20.02.2020 год., а согласно член 93 став 1 алинеа 1 од Законот за средно образование, Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе Решение за престанок на мандатот на Цветан Нелоски како директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија бр.08-419/5 од 14.09.2020 год.

На ден 28.09.2020 год. преку Општина Гевгелија Цветан Нелоски поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од

